Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 2/06), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 25.07.2018 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на шеснаесеттата редовна седница на**
**Советот на Општина Свети Николе**

Шеснаесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се **одржи на ден 01.08. 2018 година (среда) со почеток во 18:30 часот** во малата сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

-Усвојување на Записник од петнаесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 12. 07. 2018 година;

**Точка 1**
Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2018 година;

**Точка 2**
Предлог – Одлука за давање согласност на Одлуката за прекин достава фактури за погребални услуги и бришење на побарувања од социјално-загрозени семејства.

**Точка 3**
Предлог – Одлука за утврдување на цени за извршени услуги за правни и физички лица од страна на ЈКП „Комуналец,, Свети Николе;

**Точка 4**
Предлог – Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за измена на Статут бр. 0101-587/3 од 21.11.2014 година на ЈКП „Комуналец,, Свети Николе;

**Точка 5**
Предлог – Одлука за усвојување на пречистен текст на Стаутот на ЈКП „Комуналец,, Свети Николе;

**Точка 6**
Предлог – Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјетона Општина Свети Николе за 2018 година;

**Точка 7**
Извештај за собран и депониран комунален отпад во Свети Николе од ЈКП „Комуналец,, Свети Николе;

**Точка 8**

Извештај за материјално-финансовото работење на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе за период од 01.01.2018 година до 31.06.2018 година;

**Точка 9**

Извештај за материјално-финансовото работење на ЈП ,,Погребални услуги,, Свети Николе за период од 01.01.2018 година до 31.06.2018 година;

**Бр. 0801- 190**
**16.07. 2018 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**